РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0901-242/11
06.07.2026 год.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 21 од Правилникот за критериумите за селекција и избор на кандидати за вработување на помошно-технички лица во Општина Свети Николе бр. 0901-241 од 18.06.2026 година, Градоначалникот на Општина Свети Николе донесе:

# О Д Л У К А

За избор на кандидат по Јавен оглас број 01/2026 за вработување на помошно-техничко лице во Општина Свети Николе

1. За работно место УПР 04 05 А03 004 Хигиеничар, Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности-1(еден)извршител се избира кандидатот Силвана Тодорова .
2. На избраниот кандидат по конечноста на оваа Одлука ќе му се издаде Решение за вработување на неопределено време со полно работно време.

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Јавен оглас број 01/2026 за за вработување на помошно-техничко лице во Општина Свети Николе објавен на ден 29.06.2026 година во дневните весници„Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ за работно место број УПР 04 05 А03 004 Хигиеничар, Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности-1(еден)извршител, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.01/2026 за вработување на помошно техничко лице во Општина Свети Николе формирана со Решение бр. 0901-242/5 од 29.06.2026 година донесено од Градоначалникот на Општина Свети Николе, по спроведената административна селекција изготви ранг листа на кандидати и Предлог на кандидати за вработување .

Согласно член 21 став 1 од Правилникот за критериумите за селекција и избор на кандидати за вработување на помошно-технички лица во Општина Свети Николе бр. 0901-241 од 18.06.2026 година, „Градоначалникот за Општина Свети Николе, во рок од 15 дена по добивањето на ранг листата и Предлогот на кандидати за вработување е должен да донесе одлука за избор“.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до надлежен орган согласно со закон.

Општина Свети Николе
Градоначалник
______________________
Дејан Владев